Службен весник на Република Македонија

Број 17 **25 јануари 2019, петок** **година LXXV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
222.	**Одлука** за помилување на осудени лица	**2**
223.	**Одлука** за изменување на Одлуката за висината на надоместоци за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните.....	**2**
224.	**Одлука** за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година	**15**
225.	**Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – термоминерална вода на Друштвото за производство и трговија ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Штип на локалитетот "Мерите" Општина Штип.....	**15**
226.	**Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – песок и чакал на Трговското друштво за одржување на моторни возила, промет, транспорт и туризам ОТЉАНАЦ Звонко ДООЕЛ Куманово на локалитетот "Орловец" Општина Куманово ..	**15**
227.	**Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – туларска глина на Друштвото за производство, трговија и услуги ГОКО-КАР ДООЕЛ Виница на локалитетот "Ширината" с.Лаки Општина Виница	**16**
228.	**Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – термоминерална вода на Друштвото за производство и трговија ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Штип на локалитетот "Мерите" Општина Штип.....	**17**
229.	**Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – глина на Акционерското друштво индустрија за градежни материјали ЕЛЕНИЦА Струмица на локалитетот "с.Раборци" Општина Струмица	**17**

		Стр.
230.	**Одлука** за поништување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини по Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини	**18**
231.	**Објава** од Министерство за надворешни работи.....	**18**
232.	**Одлука** за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ)	**29**
233.	**Одлука** за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1)	**29**
234.	**Одлука** за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогорива ..	**30**
	Огласен дел	**1-64**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

222.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 од Законот за помилување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/93 и бр. 99/16), Претседателот на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Извршувањето на изречената казна затвор му се замени со условна осуда за време од 1 година на осуденото лице:

1. ОЛИВЕР МЕТОДИ ТАНЕВСКИ од Кочани, во траење од 3 месеци

II

Извршувањето на неиздржаниот дел од казната затвор му се замени со условна осуда за време од 2 години на осуденото лице:

1. КОЛЕ ПЕТАР ТАЛЕВСКИ од Битола, во траење од 7 месеци и 23 дена

III

Извршувањето на изречената казна затвор му се замени со условна осуда за време од 3 години на осуденото лице:

1. ЗОРАНЧО ЦВЕТАН ЛАЗАРЕВСКИ од с.Иваневци, во траење од 1 година

IV

Делумно се ослободува од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осуденото лице:

1. НАЗИМ ИМЕР ФЕЈЗУЛАИ од Скопје, во траење од 3 месеци

V

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-83/1
24 јануари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

223.

Врз основа на член 40 став (9) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 15.1.2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на надоместоци за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/16, 115/16, 223/16 и 27/18), прилозите 1 и 2 се заменуваат со нови прилози 1 и 2 кои се составен дел на оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-206/1
15 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

Прилог 1

Висина на надоместоците за спроведување на активности од областа на здравствена заштита на животните

1. Висината на надоместоците за активности од областа на здравствената заштита на животните се дадени во Табела 1.

Табела 1: Висина на надоместоците за активности од областа на здравствената заштита на животните

РБ	Активност	Вид животно	Единечна цена без ДДВ	Патни трошоци вклучени
1	Земање примероци крв по годишна наредба	коњ	93	да
		говеда	93	да
		свињи	93	да
		свињи во кланица	59	да
		овци/кози	59	да
		домашни и диви птици	59	да
		куче и мачка	93	да
2	Земање примерок крв и брис од клоака и душник од исто животно	домашни и диви птици	53	не
3	Туберкулинизација	говеда	316	да
4	Клинички преглед на пчелна заедница	пчели	50	да
5	Земање и испраќање примероци од пчелни заедници сомнителни на болест	пчели	80	да
6	Клинички преглед на риби од рибник	риби	800	да
7	Земање и испраќање примероци од риби и вода во случај на сомнеж	риби	800	не
8	Пато-анатомски преглед, земање и испраќање примероци за лабораториско испитување од одгледувалиште во случај на сомнеж	овци/кози	900	не
		говеда	1300	не
		свињи	900	не
		коњи	1300	не
		куче /мачка	500	не
		живина	90	не

РБ	Активност	Вид животно	Единечна цена без ДДВ	Патни трошоци вклучени
9	Земање и испраќање трупови на мали животни на лабораториско испитување во случај на сомнеж	сите	300	не
10	Земање и испраќање абортиран фетус, плацента и крв по абортус во случај на сомнеж	говеда	600	не
		овци/кози	420	не
		свињи	600	не
		коњи	600	не
11	Земање и испраќање мозок за лабораториско испитување на БСЕ/Скрепи од угинати животни на одгледувалиште	говеда	600	не
		овци/кози	350	не
12	Застрелување лисици во рамките на мониторинг на орална вакцинација на беснило	лисици	900	да
13	Земање на примероци од застрелани диви животни или нивни трупови	диви животни со исклучок на лисици	500	да
14	Манипулација и земање на примероци од застрелана лисица од страна на ветеринарно друштво	лисици	500	да
15	Еутаназија на животни со регистрирани ВМП (по Решение на официјален ветеринар)	коњ, говедо, овци/кози и свињи по 1 кг телесна тежина	10	не
		мачка и куче по 1 кг телесна тежина	38	не
16	Вакцинација против антракс	коњ/говедо	75	да
		овци/кози/свињи	53	да
17	Вакцинација против бруцелоза	овци/кози	48	да
18	Вакцинација против класична чума кај свињи	свињи	106	да
19	Вакцинација на кучиња и мачки против беснило со вклучена дехелментизација	куче/мачка	500	да
20	Клинички преглед и	коњ	250	не

РБ	Активност	Вид животно	Единечна цена без ДДВ	Патни трошоци вклучени
	земање примерок крв и брис при сомнеж на болест	говедо	150	не
		овци/кози	100	не
		свињи	250	не
21	Клинички преглед и издавање сертификати или други документи за здравствена состојба на животните	говедо, бивол, коњ, магаре, мазга и мула	158	да
		теле, биволче, ждребе и прле до 6 месеци старост	105	да
		свиња над 25 кг телесна тежина	32	да
		свиња под 25 кг телесна тежина	16	да
		овца и коза	27	да
		јагне и јаре до 3 месеци старост	11	да
		живина	2	да
		желки	2	да
		гулаби, домашни миленици од видовите птици	35	да
		пилиња до седумдневна возраст за 100 пилиња во пратка	11	да
		ратини (ној, ему, нанду)	84	да
		зајак питом	11	да
		куче *(Canis lupus familiaris)*	105	да
		мачка *(Felis silvestris catus)*	84	да
		феретка *(Mustela putorius furo)*	84	да
		риба (подмладок и икра) за 1 кг	3	да
		пчели за 1 кошница	16	да
		пчелна матица	32	да
		полжави за 1 кг	3	да
		ситен дивеч	70	да
		крупен дивеч	158	да
22	Дезинфекција m^2	При спроведување на редовни активности	6	да
		Во случај на вонредна појава на особено опасни болести	2	да
23	Дезинсекција m^2	При спроведување	6	да

РБ	Активност	Вид животно	Единечна цена без ДДВ	Патни трошоци вклучени
		редовни активности		
		Во случај на вонредна појава на особено опасни заразни болести	2	да
24	Внесување податоци за здравствена заштита на животните во Информациониот систем на АХВ	сите видови животни, по животно	4	да
		по одгледувалиште за сите видови животни	40	да
25	Поставување на стапици, собирање и испраќање на собраниот материјал за броење на вектори	по стапица по одгледувалиште	1000	да
26	Вакцинација против болест на чвореста кожа	говеда	93	да
27	Омамување и убивање на животни со користење на механички методи	коњ, говедо, овци/кози, свињи и живина над 5кг	100	да
		живина до 5кг	20	да
28	Нештетно отстранување на животни и мрши во случај на појава на особено опасни заразни болести со опрема и тешка механизација	по ископан кубен метар ($м^3$)	300	да
29	Транспорт за нештетно отстранување на животни и мрши во случај на појава на особено опасни заразни болести	до 10 км	450/тон	да
		до 20 км	600/тон	да
		до 30 км	700/тон	да
30	Физичко и механичко отстранување на животни и мрши во случај на појава на особено опасни заразни болести (оваа ставка се применува само доколку одгледувалиштето е непристапно за тешка механизација)	по условно грло*	100	да
31	Вакцинација против ентеротоксемија	овци/кози	40	да

*Пресметка на условни грла

Вид и категорија на животни	Условно грло
Говеда и биволи постари од 24 месеци	1.2
Говеда и биволи од 12-24 месеци	1
Говеда и биволи од 6-12 месеци	0.8
Телиња од говеда и биволи	0.15
Приплодни бикови и биволи/бикови	1.4
Коњи	1.2
Ждребиња и магарињa	0.5
Овци и кози	0.1
Јагнињa и јарињa	0.05
Маторици и нерези	0.4
Свињи од 25-130 кг.	0.15
Прасиња до 25 кг.	0.02
Живина	0.04
Зајаци и пернат дивеч	0.002

2. Трошоците под реден број 1, 2, 5, 7, 8, 9, 10, 11, 14, 15, 16, 17, 20, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 и 30 во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор.
3. Трошоците под реден број 12 и 13 во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ловечките друштва и концесионерите на ловиштата со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор.
4. Трошоците под реден број 3 во висина од 50% се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор, додека останатите 50% се на товар на одгледувачот.
5. Трошоците под реден број 18 за одгледувалишта со и помалку од 10 свињи во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор, додека за одгледувалиштата каде се чуваат 11 и повеќе свињи годишно трошоците за вакцинација во целост се на товар на одгледувачите на свињи.
6. Трошоците под реден број 4, 6, 19 и 21 во целост се на товар на одгледувачот на животните.
7. Патните трошоци во случаите кога согласно точка 1 од овој прилог не се вкалкулирани во висината на трошоците ќе се пресметуваат во висина од 20% од цената на горивото (цена не денот на извршувањето на активноста) за секој изминат километар. Бројот на изминати километри треба да биде потврден од страна на официјалниот ветеринар.

8. Во случај на повторно издавање на сертификат за здравствена состојба на животните врз основа на важечки сертификат за здравствена состојба во внатрешниот промет се наплаќа надомест во износ од 50% од висината на надоместокот под реден број 21.
9. Во случај на издавање на сертификат за здравствена состојба на животните за извоз како и за гулаби, домашни миленици од видовите птици кои учествуваат на спортски настани, саеми или изложби се наплаќа 10% од висината на надоместокот под реден број 21, со исклучок на желки, гулаби, домашни миленици од видовите птици, зајак питом, куче *(Canis lupus familiaris)*, мачка *(Felis silvestris catus)*, феретка *(Mustela putorius furo)*, пчели за една кошница и пчелна матица за кои се наплаќа 100% од висината на надоместокот под реден број 21.
10. Во случај на издавање на сертификат за здравствена состојба на животните за движење на животни заради испаша надвор од епизотиолошка единица (летна-зимска испаша) се наплаќа 30% од висината на надоместокот под реден број 21.
11. Надоместоците за издавање сертификати или други документи за здравствена состојба на животните се зголемуваат за 100%, во случаи кога службените контроли кои ги врши официјалниот ветеринар се извршуваат во деновите на државни празници и неработни денови (сабота и недела).
12. Во случај на точка 8, 9 и 20 кога мострите се од исто одгледувалиште трошците за првоз се пресметуваат еднократно.
13. При спроведување на мерките од точка 22 и 23 ветеринарните друштва износите за извршена дезинфекција и дезинсекција треба да ги пресметуваат согласно измерената површина на m^2 на лице место на одгледувалиштата (објектот-шталата заедно со заградената површина на испустот каде што престојуваат животните) потврдено со записник од надлежниот официјален ветеринар.
14. Трошоците под реден број 31 во висина од 50% се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор, додека останатите 50% се на товар на одгледувачот.

Прилог 2

Висина на надоместоците за спроведување на активности од областа на здравствена заштита на животните за тешко достапни места

1. Висината на надоместоците за активности од областа на здравствената заштита на животните кои се однесуваат за тешко достапните места се дадени во следната Табела.

Табела: Висина на надоместоците за активности од областа на здравствената заштита на животните за тешко достапни места

РБ	Активност	Вид животно	Единечна цена без ДДВ	Патни трошоци вклучени
1	Земање примероци крв по годишна наредба	коњ	100	да
		говеда	100	да
		свињи	100	да
		свињи во кланица	65	да
		овци/кози	65	да
		домашни и диви птици	65	да
		куче и мачка	100	да
2	Земање примерок крв и брис од клоака и душник од исто животно	домашни и диви птици	56	не
3	Туберкулинизација	говеда	332	да
4	Клинички преглед на пчелна заедница	пчели	53	да
5	Земање и испраќање примероци од пчелни заедници сомнителни на болест	пчели	84	да
6	Клинички преглед на риби од рибник	риби	840	да
7	Земање и испраќање примероци од риби и вода во случај на сомнеж	риби	840	не
8	Пато-анатомски преглед, земање и испраќање примероци за лабораториско испитување од одгледувалиште во случај на сомнеж	овци/кози	945	не
		говеда	1365	не
		свињи	945	не
		коњи	1365	не
		куче /мачка	525	не
		живина	95	не

РБ	Активност	Вид животно	Единечна цена без ДДВ	Патни трошоци вклучени
9	Земање и испраќање трупови на мали животни на лабораториско испитување во случај на сомнеж	сите	315	не
10	Земање и испраќање абортиран фетус, плацента и крв по абортус во случај на сомнеж	говеда	630	не
		овци/кози	440	не
		свињи	630	не
		коњи	630	не
11	Земање и испраќање мозок за лабораториско испитување на БСЕ/Скрепи од угинати животни на одгледувалиште	говеда	630	не
		овци/кози	370	не
12	Застрелување лисици во рамките на мониторинг на орална вакцинација на беснило	лисици	945	да
13	Земање на примероци од застрелани диви животни или нивни трупови	диви животни со ислучок на лисици	500	да
14	Манипулација и земање примероци од застрелана лисица од страна на ветеринарно друштво	лисици	525	да
15	Еутаназија на животни со регистрирани ВМП (по Решение на официјален ветеринар)	коњ, говедо, овци/кози и свињи по 1 кг телесна тежина	11	не
		мачка и куче по 1 кг телесна тежина	40	не
16	Вакцинација против антракс	коњ/говедо	79	да
		овци/кози/свињи	56	да
17	Вакцинација против бруцелоза	овци/кози	51	да
18	Вакцинација против класична чума кај свињи	свињи	112	да
19	Вакцинација на кучиња и мачки против беснило со вклучена дехелментизација	куче/мачка	525	да
20	Клинички преглед и земање примерок крв и брис при сомнеж на болест	коњ	263	не
		говедо	158	не
		овци/кози	105	не
		свињи	263	не

РБ	Активност	Вид животно	Единечна цена без ДДВ	Патни трошоци вклучени
21	Клинички преглед и издавање сертификати или други документи за здравствена состојба на животните	говедо, бивол, коњ, магаре, мазга и мула	166	да
		теле, биволче, ждребе и прле до 6 месеци старост	111	да
		свињa над 25 кг телесна тежина	34	да
		свињa под 25 кг телесна тежина	17	да
		овца и коза	29	да
		јагне и јаре до 3 месеци старост	12	да
		живина	3	да
		желки	3	да
		гулаби, домашни миленици од видовите птици	37	да
		пилиња до седумдневна возраст за 100 пилиња во пратка	12	да
		ратини (ној, ему, нанду)	89	да
		зајак питом	12	да
		куче *(Canis lupus familiaris)*	111	да
		Мачка *(Felis silvestris catus)*	89	да
		феретка *(Mustela putorius furo)*	89	да
		риба (подмладок и икра) за 1 кг	3	да
		пчели за 1 кошница	17	да
		пчелна матица	34	да
		полжави за 1 кг	3	да
		ситен дивеч	74	да
		крупен дивеч	166	да
22	Дезинфекција по m^2	При спроведување на редовни активности	6	да
		Во случај на вонредна појава на особено опасни болести	2	да
23	Дезинсекција по m^2	При спроведување редовни активности	6	да
		Во случај на вонредна појава на особено опасни заразни болести	2	да

РБ	Активност	Вид животно	Единечна цена без ДДВ	Патни трошоци вклучени
24	Внесување податоци за здравствена заштита на животните во Информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство	сите видови животни, по животно	4	Да
		по одгледувалиште за сите видови животни	40	да
25	Поставување на стапици, собирање и испраќање на собраниот материјал за броење на вектори	по стапица по одгледувалиште	1050	да
26	Вакцинација против болест на чвореста кожа	говеда	93	да
27	Омамување и убивање на животни со користење на механички методи	коњ, говедо, овци/кози, свињи и живина над 5кг	130	да
		живина до 5кг	25	да
28	Нештетно отстранување на животни и мрши во случај на појава на особено опасни заразни болести со опрема и тешка механизација	по ископан кубен метар ($м^3$)	300	да
29	Транспорт за нештетно отстранување на животни и мрши во случај на појава на особено опасни заразни болести	до 10 км	450/тон	да
		до 20 км	600/тон	да
		до 30 км	700/тон	да
30	Физичко и механичко отстранување на животни и мрши во случај на појава на особено опасни заразни болести (оваа ставка се применува само доколку одгледувалиштето е непристапно за тешка механизација)	по условно грло*	100	да
31	Вакцинација против ентеротоксемија	овци/кози	40	да

*Пресметка на условни грла

Вид и категорија на животни	Условно грло
Говеда и биволи постари од 24 месеци	1.2
Говеда и биволи од 12-24 месеци	1
Говеда и биволи од 6-12 месеци	0.8
Телиња од говеда и биволи	0.15
Приплодни бикови и биволи/бикови	1.4
Коњи	1.2
Ждребиња и магарињa	0.5
Овци и кози	0.1
Јагнињa и јарињa	0.05
Маторици и нерези	0.4
Свињи од 25-130 кг.	0.15
Прасиња до 25 кг.	0.02
Живина	0.04
Зајаци и пернат дивеч	0.002

2. Трошоците под реден број 1, 2, 5, 7, 8, 9, 10, 11, 14, 15, 16, 17, 20, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 и 30 на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор.
3. Трошоците под реден број 12 и 13 во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ловечките друштва и концесионерите на ловиштата со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор.
4. Трошоците под реден број 3 во висина од 50% се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор, додека останатите 50% се на товар на одгледувачот.
5. Трошоците под реден број 18 за одгледувалишта со и помалку од 10 свињи во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор, додека за одгледувалиштата каде се чуваат 11 и повеќе свињи годишно трошоците за вакцинација во целост е на товар на одгледувачите на свињи.
6. Трошоците под реден број 4, 6, 19 и 21 во целост се на товар на одгледувачот на животните.
7. Патните трошоци во случаите кога согласно точка 1 од овој прилог не се вкалкулирани во висината на трошоците ќе се пресметуваат во висина од 20% од цената на горивото (цена не денот на извржување на активноста) за секој изминат километар. Бројот на изминати километри треба да биде потврден од страна на официјален ветеринар.
8. Во случај на повторно издавање на сертификат за здравствена состојба на животните врз основа на важечки сертификат за здравствена состојба во

внатрешниот промет се наплаќа надомест во износ од 50% од висината на надоместокот под реден број 21.

9. Во случај на издавање на сертификат за здравствена состојба на животните за извоз како и за гулаби, домашни миленици од видовите птици кои учествуваат на спортски настани, саеми или изложби се наплаќа 10% од висината на надоместокот под реден број 21, со исклучок на желки, гулаби, домашни миленици од видовите птици, зајак питом, куче *(Canis lupus familiaris)*, мачка *(Felis silvestris catus)*, феретка *(Mustela putorius furo)*, пчели за една кошница и пчелна матица за кои се наплаќа 100% од висината на надоместокот под реден број 21.
10. Во случај на издавање на сертификат за здравствена состојба на животните за движење на животни заради испаша надвор од епизотиолошка единица (летна-зимска испаша) се наплаќа 30% од висината на надоместокот под реден број 21.
11. Надоместоците за издавање сертификати или други документи за здравствена состојба на животните се зголемуваат за 100%, во случаи кога службените контроли кои ги врши официјалниот ветеринар се извршуваат во деновите на државни празници и неработни денови (сабота и недела).
12. Во случај на точка 8, 9 и 20 кога мострите се од исто одгледувалиште трошците за првоз се пресметуваат еднократно.
13. При спроведување на мерките од точка 22 и 23 ветеринарните друштва износите за извршена дезинфекција и дезинсекција треба да ги пресметуваат согласно измерената површина на m^2 на лице место на одгледувалиштата (објектот-шталата заедно со заградената површина на испустот каде што престојуваат животните) потврдено со записник од надлежниот официјален ветеринар.
14. Трошоците под реден број 31 во висина од 50% се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор, додека останатите 50% се на товар на одгледувачот.

224.

Врз основа на член 383 став (1) точка (4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, на седницата, одржана на 4.9.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ, ЗА 2016 ГОДИНА

Член 1

На д-р Ристо Ачкоски, претседател на Надзорен одбор, не се одобрува работењето како член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.1.2016 до 31.12.2016 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-935/4 4 септември 2018 година Скопје	Претседател на Владата на Република Македонија, **Зоран Заев,** с.р.

225.

Врз основа на член 10 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА – ТЕРМОМИНЕРАЛНА ВОДА НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ УВОЗ - ИЗВОЗ ДООЕЛ ШТИП НА ЛОКАЛИТЕТОТ “МЕРИТЕ“ ОПШТИНА ШТИП

1. Со оваа одлука се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – термоминерална вода на локалитетот “Мерите“ општина Штип на Друштвото за производство и трговија ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Штип, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр. 44-3104/1 од 12.06.2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/18).

2. Друштвото за производство и трговија ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Штип достави понуда со број 00000253 на 22.10.2018 година.

3. Друштвото за производство и трговија ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Штип ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

4. На Друштвото за производство и трговија ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Штип се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – термоминерална вода на локалитетот “Мерите“ општина Штип, со површина на простор на концесија за детални геолошки истражувања дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките се дефинирани со координати како е дадено во табелите, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
1	7598720	4622915
2	7598930	4622876
3	7599072	4622759
4	7598905	4623066

5. Површината на просторот на концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука изнесува P= 0.031490 km2.

6. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 2 (две) години.

7. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 76.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од седум дена пред денот на склучувањето на Договорот за концесија.

8. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

9. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за економија.

10. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

11. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10755/1 25 декември 2018 година Скопје	Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, д-р **Бујар Османи,** с.р.

226.

Врз основа на член 10 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ТРГОВСКОТО ДРУШТВО ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА, ПРОМЕТ, ТРАНСПОРТ И ТУРИЗАМ ОТЉАНАЦ ЗВОНКО ДООЕЛ КУМАНОВО НА ЛОКАЛИТЕТОТ "ОРЛОВЕЦ" ОПШТИНА КУМАНОВО

1. Со оваа одлука се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – песок и чакал на локалитетот "Орловец" општина Куманово на Трговското друштво за одржување на моторни возила, промет, транспорт и туризам ОТЉАНАЦ Звонко ДООЕЛ Куманово, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр. 44-2477/1 од 29.05.2018 ("Службен весник на Република Македонија" бр.101/18).

2. Трговското друштво за одржување на моторни возила, промет, транспорт и туризам ОТЉАНАЦ Звонко ДООЕЛ Куманово достави понуда со број 00000251 на 22.10.2018 година.

3. Трговското друштво за одржување на моторни возила, промет, транспорт и туризам ОТЉАНАЦ Звонко ДООЕЛ Куманово ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

4. На Трговското друштво за одржување на моторни возила, промет, транспорт и туризам ОТЉАНАЦ Звонко ДООЕЛ Куманово се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – песок и чакал на локалитетот "Орловец" општина Куманово, со површина на простор на концесија за детални геолошки истражувања дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките се дефинирани со координати како е дадено во табелите, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
1	7569061	4662672
2	7569023	4662659
3	7568973	4662579
4	7568933	4662592
5	7568941	4662623
6	7568986	4662756
7	7569066	4662930
8	7569117	4662918
9	7569070	4662768
10	7569067	4662738
11	7569071	4662695

5. Површината на просторот на концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука изнесува P= 0.024944 km2.

6. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 2 (две) години.

7. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 71.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од седум дена пред денот на склучувањето на Договорот за концесија.

8. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

9. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за економија.

10. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

11. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

12. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-10755/2
25 декември 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

227.

Врз основа на член 10 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА – ТУЛАРСКА ГЛИНА НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ГОКО-КАР ДООЕЛ ВИНИЦА НА ЛОКАЛИТЕТОТ "ШИРИНАТА" С.ЛАКИ ОПШТИНА ВИНИЦА

1. Со оваа одлука се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – туларска глина на локалитетот "Ширината" с.Лаки општина Виница на Друштвото за производство, трговија и услуги ГОКО-КАР ДООЕЛ Виница, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр. 44-3104/1 од 12.06.2018 ("Службен весник на Република Македонија" бр.111/18).

2. Друштвото за производство, трговија и услуги ГОКО-КАР ДООЕЛ Виница достави понуда со број 00000248 на 22.10.2018 година.

3. Друштвото за производство, трговија и услуги ГОКО-КАР ДООЕЛ Виница ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

4. На Друштвото за производство, трговија и услуги ГОКО-КАР ДООЕЛ Виница се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – туларска глина на локалитетот "Ширината" с.Лаки општина Виница, со површина на простор на концесија за детални геолошки истражувања дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките се дефинирани со координати како е дадено во табелите, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
1	7638664	4629923
2	7638823	4629713
3	7638888	4629651
4	7638851	4629638
5	7638870	4629574

6	7638863	4629558
7	7638763	4629556
8	7638758	4629640
9	7638721	4629673
10	7638697	4629660
11	7638612	4629702
12	7638547	4629704
13	7638541	4629717
14	7638488	4629711
15	7638466	4629801
16	7638472	4629826
17	7638570	4629836
18	7638563	4629915

5. Површината на просторот на концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука изнесува P= 0.069814 km2.

6. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 2 (две) години.

7. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 66.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од седум дена пред денот на склучувањето на Договорот за концесија.

8. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

9. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за економија.

10. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

11. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

12. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10755/3
25 декември 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

228.

Врз основа на член 10 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2018 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА – ТЕРМОМИНЕРАЛНА ВОДА НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ ШТИП НА ЛОКАЛИТЕТОТ “МЕРИТЕ“ ОПШТИНА ШТИП

1. Со оваа одлука се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – термоминерална вода на локалитетот “Мерите“ општина Штип на Друштвото за производство и трговија ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Штип, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр. 44-3104/1 од 12.06.2018 (“Службен весник на Република Македонија“ бр.111/18).

2. Друштвото за производство и трговија ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Штип достави понуда со број 00000253 на 22.10.2018 година.

3. Друштвото за производство и трговија ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Штип ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

4. На Друштвото за производство и трговија ПЕКОМ-ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Штип се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – термоминерална вода на локалитетот “Мерите“ општина Штип, со површина на простор на концесија за детални геолошки истражувања дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките се дефинирани со координати како е дадено во табелите, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
1	7598720	4622915
2	7598930	4622876
3	7599072	4622759
4	7598905	4623066

5. Површината на просторот на концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука изнесува P= 0.031490 km2.

6. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 2 (две) години.

7. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 76.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од седум дена пред денот на склучувањето на Договорот за концесија.

8. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

9. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за економија.

10. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

11. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

12. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 44-10755/4
25 декември 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

229.

Врз основа на член 10 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА – ГЛИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ИНДУСТРИЈА ЗА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ ЕЛЕНИЦА СТРУМИЦА НА ЛОКАЛИТЕТОТ "С.РАБОРЦИ" ОПШТИНА СТРУМИЦА

1. Со оваа одлука се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – глина на локалитетот "с.Раборци" општина Струмица на Акционерското друштво индустрија за градежни материјали ЕЛЕНИЦА Струмица, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр. 44-4871/1 од 05.06.2018 ("Службен весник на Република Македонија" бр.109/18).

2. Акционерското друштво индустрија за градежни материјали ЕЛЕНИЦА Струмица достави понуда со број 00000249 на 22.10.2018 година.

3. Акционерското друштво индустрија за градежни материјали ЕЛЕНИЦА Струмица ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

4. На Акционерското друштво индустрија за градежни материјали ЕЛЕНИЦА Струмица се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – глина на локалитетот "с.Раборци" општина Струмица, со површина на простор на концесија за детални геолошки истражувања дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките се дефинирани со координати како е дадено во табелите, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
1	7633752	4585155
2	7634117	4585126
3	7634091	4585204
4	7633958	4585823
5	7633822	4585783
6	7633848	4585891
7	7633651	4585891
8	7633651	4585348

5. Површината на просторот на концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука изнесува P= 0.258875 km2.

6. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 2 (две) години.

7. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 72.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од седум дена пред денот на склучувањето на Договорот за концесија.

8. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

9. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за економија.

10. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

11. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

12. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-10755/5
25 декември 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

230.

Врз основа на член 38 став 1 алинеја 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИИ ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИИ ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

1. Со оваа одлука се поништува постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите:

- "Долно Поле" с.Прибачево општина Кочани, за минерална суровина – песок и чакал и
- "Жван" општина Демир Хисар, минерална суровина – метални минерални суровини, објавени со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 7/2018 ("Службен весник на Република Македонија" бр.177/18).

2. Постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини од точка 1 на оваа одлука се поништува со оглед дека за објавените локалитети од точка 1 на оваа одлука нема ниту една пристигната понуда до истекот на рокот за доставување на понуди.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-10755/6
25 декември 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

231.

О Б Ј А В А

Одлуката за премин во втора фаза на асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Заедница и нејзините земји членки, согласно членот 5 (3) од Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена меѓу Европските заедници и нејзините земји - членки од една страна и Република Македонија од друга страна, донесена од страна на Советот за стабилизација и асоцијација со размена на писма на 10.7.2018 година и 26.11.2018 година во Брисел, е влезена во сила на 4 декември 2018 година.

17 јануари 2019 година
Скопје

Министер
за надворешни работи,
Никола Димитров, с.р.

Мисија на Република Македонија
при Европската Унија

Mission of the Republic of Macedonia
to the European Union

38, Rue de la Loi
B – 1040 Brussels
Tel: (+32) 2 235.03.50
Fax: (+32) 2 280.09.49
E-mail: mission.eu@mfa.gov.mk

Ref. No. 08- 01-791/1
Date: 26.11.2018

Ms Andzelika SOKOLOVA
Co-Secretary of the Stabilisation and Association Council
Council of the European Union
General Secretariat

Dear Ms Sokolova,

I have the honour to acknowledge the receipt of your letter SGS18/06055 dated 10-07-2018 regarding the adoption by the EU – the Republic of Macedonia Stabilisation and Association Council of Decision No. 1/2018 concerning the transition to the second stage of the Association between the European Communities and their Member States, of the one part, and the Republic of Macedonia, of the other part, pursuant to Article 5(3) of the Stabilisation and Association Agreement.

Hereby, I confirm our acceptance that your letter and this confirmation that the Government of the Republic of Macedonia agrees with the provisions of the annexed text of aforementioned Decision shall together constitute signature of the Decision through written procedure, under the terms set out in Article 10 of the Rules of Procedure of the Stabilisation and Association Council.

However, I declare that the Republic of Macedonia does not accept the denomination used for my country in the Decision, having in view that the constitutional name of my country is the Republic of Macedonia.

Please accept, Madame, the assurances of my highest consideration.

Agneza Rusi Popovska
Ambassador and Head of Mission

10:30

DELETTE A.
COURRIER-TRI
30 -11- 2018
02.281.80.64

30 -11- 2018

SGS/19 000257

Council of the European Union
General Secretariat

H. E. Agneza RUSI POPOVSKA,
Ambassador,
Head of the Mission of the former Yugoslav Republic of Macedonia
to the European Union

Brussels, 15 January 2019

Your Excellency,

I have the honour to acknowledge the receipt of your letter of 4/12/2018.

The European Union notes that the exchange of letters between the European Union and the former Yugoslav Republic of Macedonia which constitutes the adoption of the Decision by the EU-the former Yugoslav Republic of Macedonia Stabilisation and Association Council and its signature by the President of the said Council has been accomplished concerning Decision No. 1/2018 of the EU-the former Yugoslav Republic of Macedonia Stabilisation and Association Council of 4/12/2018 concerning the transition to the second stage of the Association between the European Communities and their Member States, of the one part, and the former Yugoslav Republic of Macedonia, of the other part, pursuant to article 5(3) of the Stabilisation and Association Agreement. None of this can be interpreted as acceptance or recognition by the European Union in whatever form or content of a denomination other than the former Yugoslav Republic of Macedonia.

Please accept, Madame, the assurance of my highest consideration.

Co-Secretary of the Stabilisation
and Association Council

Andzelika SOKOLOVA

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

232.

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 236 став (11) од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/18) и член 45 став (5) од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ), УП1 бр.11-42/17 од 05.11.2018 година, на Друштвото за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 21 јануари 2019 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС (ТНГ)

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ), на Друштвото за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес, издадена од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија со Одлука бр. 02-608/1 од 5.4.2007 година, изменета и продолжена со Одлука УП1 бр.11-42/17 од 06.04.2017 година, со евидентен број "НД - 10.03.1/07.2/17" ("Службен весник на Република Македонија" бр. 45/07 и 45/17) се менува по барање на носителот поради намалување на капацитетите за вршење на дејноста, и тоа во Прилог 1 од Одлуката, во точка 10, потточка 1 се менува и гласи:

"1. Приемот и испораката на нафтениот дериват течен нафтен гас (ТНГ), ќе се врши преку 1 (еден) резервоар од 600 м3, на локација Порцеланова бр. 55 Велес, КП 2384, Имотен лист 1428, за КО Оризари-вон.г.р. сопственост на Друштвото за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес."

2. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

УП1 бр. 11-42/17
21 јануари 2019 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

233.

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 236 став (11) од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/18) и член 45 став (5) од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1), УП1 бр.11-95/11 од 17.12.2018 година, на Друштвото за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 21 јануари 2019 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОСУПЕР БС 95, ЕУРОДИЗЕЛ БС, ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ-1) И МАЗУТ (М-1)

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Екстра лесно (ЕЛ-1) и Мазут (М-1), на Друштвото за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издадена од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија со Одлука УП1 Бр. 11-95/11 од 15.02.2012 година, изменета со Одлука УП1 бр. 11-95/11 од 05.03.2014 година, изменета со Одлука УП1 бр. 11-95-11 од 21.07.2017 година и изменета со Одлука УП1 бр. 11-95/11 од 18.04.2018 година, со евидентен број "НД - 37.03.1/12.2/14.2/17.2/18" ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/12, 46/14, 99/17 и 73/18), се менува по барање на носителот поради промена на закупената зафатнина на дел од резервоарските капацитети со кои ја вршат дејноста, и тоа:

- во Прилог 1, точка 10, став 1 зборовите: "како и 2 резервоара со волумен од по 2500 м³, еден за складирање на Еуродизел БС и еден за складирање на Екстра лесно (ЕЛ-1), во сопственост на МАКСТИЛ АД Скопје лоцирани на КП 2205 КО Гази Баба, населба Железара" се менуваат и гласат: "како и два резервоари од кои еден со волумен од 3293 м³ за складирање на Еуродизел БС и еден со волумен од 3097 м³ за складирање на Екстра лесно (ЕЛ-1), на локација 16та Македонска бригада бр.18 Скопје, КП 2205, Имотен лист 45134, КО Гази Баба, сопственост на МАКСТИЛ АД Скопје".

2. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

УП1 бр. 11-95/11
21 јануари 2019 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

234.

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17, член 45 став (2) и член 236 став (11) од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/18) и член 44 и член 45 став (5) од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогорива, УП1 бр. 11-147/18 од 16.10.2018 година, на Акционерското друштво за продажба и транспорт на нафтени деривати АЛОВ АД Гевгелија, како и постапувајќи по службена должност, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 21 јануари 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И БИОГОРИВА И МЕШАВИНА НА ТЕЧНИ ГОРИВА ОД ФОСИЛНО ПОТЕКЛО ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ТРАНСПОРТ СО БИОГОРИВА

1. Лиценцата за вршење на енергетска трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогорива, на Акционерското друштво за продажба и транспорт на нафтени деривати АЛОВ АД Гевгелија, издадена од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија со Одлука бр. 02-125/1 од 20.01.2010 година, со евидентен број "НД - 15.03.1/10" ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/10), се менува по барање на носителот поради промени во називот, седиштето, уредување на распределбата на нафтените деривати по резервоари и утврдување на правото на сопственост на резервоарите и по службена должност поради усогласување обврската за доставување на податоци потребни за следење и контрола на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт, и тоа се менува Прилог 1 во целост и е составен дел од оваа Одлука.

2. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

УП1 бр. 11-147/18
21 јануари 2019 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

Прилог 1

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОДИЗЕЛ БС, ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ-1) И ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС (ТНГ)

1. Назив и седиште на носителот на лиценцата

Акционерско друштво за продажба и транспорт на нафтени деривати АЛОВ АД Гевгелија, со седиште на ул. Маршал Тито бр. 7-14/ГТЦ, Гевгелија, Република Македонија.

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС, Екстра Лесно (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ).

3. Датум на издавање на лиценцата: 20 јануари 2010 година

4. Период на важење на лиценцата: 10 години

5. Датум до кога важи лиценцата: 20 јануари 2020 година

6. Евидентен број на издадената лиценца: НД - 15.03.1/10

7. Единствен матичен број: 6505066

8. Единствен даночен број: 4080009504921

9. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на дејноста трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

Како трговија на големо, во смисла на оваа лиценца се смета купување од земјата и странство на Еуродизел БС, Екстра Лесно (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ), заради натамошна продажба на трговци, преработувачи или потрошувачи во земјата и странство.

10. Деловни простори и простории во кои ќе се врши енергетската дејност со карактеристики на објектите, постројките, опремата и инсталациите

Приемот и испораката на нафтените деривати ќе ги врши преку Складиште за нафтени деривати со 11 резервоарски капацитети на ул.24 бр.45 Илинден, ИЛ 3639, КО Илинден, сопственост на Барателот, од кои седум резервоарски капацитети од по 100m³ на КП 1281/1 ќе се користат за складирање на Еуродизел БС, два резервоарски капацитети од по 100m³ на КП 1281/1 ќе се користат за складирање на Екстра лесно (ЕЛ-1) и два резервоарски капацитети од по 100m³ на КП 1302/3 ќе се користат за складирање на Течен нафтен гас (ТНГ).

Носителот на лиценцата е должен во секое време да поседува или да има обезбедено право на користење на склад во кој се складираат нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, со капацитет определен со прописите со кои се уредува трговијата со нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

Носителот на лиценцата е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за секоја промена на расположливиот капацитет за складирање на нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, најдоцна во рок од 30 дена по настаната промена.

11. Подрачје на кое ќе се врши дејноста

Дејноста трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС, Екстра Лесно (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ), носителот на лиценцата може да ја врши на територијата на Република Македонија и во странство.

12. Општи обврски за носителот на лиценцата

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди сигурно и безбедно снабдување со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт,

- обезбеди нафтените деривати, биогоривата и горивата за транспорт со кои врши трговија да ги исполнуваат пропишаните норми за квалитет,

- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,

- ги почитува техничките правила, нормативи и стандарди за работа на енергетските објекти и опрема,

- доставува податоци и информации согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари, и

- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон.

13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца,

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави Годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. набавка и продажба на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - Еуродизел БС, Екстра Лесно (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ),

2. годишна сметка и финансиски извештај составен од:

- биланс на состојба и биланс на успех,

- извештај за промените во главнината,

- извештај за паричните текови,

- применетите сметководствени политики,

- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди и

- интерни пресметки за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценци.

3. преземени мерки во текот на извештајната година за:

- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,

- заштита при работа,

- обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на енергетската дејност,

- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,

- спроведување на мониторинг врз сопственото работење,

- обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на енергетската дејност,

- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба;

4. извршување на програмата за ремонти во извештајната година,

5. состојба со кадровска екипираност за извршување на поодделни задачи при вршењето на енергетската дејност,

6. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли,

7. оценка за реализирање на планот за работа за извештајната година и

8. бизнис план за тековната година.

15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност.

16. Обврска за овозможување на пристап до објектите и инсталациите и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид од страна на Регулаторната комисија во вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата, увид во целокупната документација на носителот на лиценцата, објектите, деловните простории, простори, инсталациите, како и на средствата и опремата потребни за вршење на дејноста, во согласност со Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

17. Изменување и дополнување на лиценцата

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

18. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2019017